# О луѓе! Ова го направив за да ме следите (во намазот) и да учите од мене како се извршува намазот.‘“

Од Ебу Хазим ибн Динар се пренесува: Некои луѓе дојдоа кај Сахл ибн Сад ес-Саидиј и се расправаа за тоа од какво дрво бил изработен минберот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Па го прашаа за тоа, а тој им рече: „Се колнам во Аллах, јас точно знам од што беше направен. Го видов уште првиот ден кога беше поставен, и првиот ден кога Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, седна на него. Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, испрати човек кај една жена од енсариите — Сахл, ја спомна по име — и ѝ порача: ‚Нареди му на твојот слуга, кој е столар, да ми изработи неколку дрвени скалила на кои ќе седнувам кога ќе им се обраќам на луѓето.‘ Па таа му нареди, и тој ги направи од дрво на тарфа (еден вид на пустинско дрво кое расте во областа Ел-Габа). Потоа ги донесе, па ги испрати до Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Тогаш тој нареди тие да се постават овде. Јас го видов Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како клањаше додека стоеше на нив, па го изговори текбирот, потоа се наведна на руку додека стоеше на нив. Потоа слезе враќајќи се наназад (без да се врти) и падна на сеџда под минберот. Потоа се врати на него. Кога го заврши намазот, се сврте кон луѓето и рече: ‚О луѓе! Ова го направив за да ме следите (во намазот) и да учите од мене како се извршува намазот.‘“
[صحيح] [متفق عليه]

Некои луѓе дошле кај еден од асхабите и го прашале за минберот што го направил Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем: од какво дрво бил изработен? Тие се расправале и се разишле околу тоа. Тогаш асхабот им раскажал дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, испратил порака до една жена од енсариите која имала слуга — столар. Ѝ порачал да му каже на својот слуга да му изработи минбер на кој ќе може да седне кога им се обраќа на луѓето. Жената го послушала и му наредила на својот слуга да изработи минбер од дрво на тарфа (вид пустинско дрво што расте во областа Ел-Габа). Кога слугата ја завршил работата, жената го испратила минберот до Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Тој, салаллаху алејхи ве селем, наредил да се постави на неговото место во џамијата. Потоа, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, се качил на минберот, клањал на него, изговорил текбир на него, потоа се наведнал на руку, исто така на него. Потоа слегол од минберот наназад (без да се сврти) и направил сеџда на подот, во основата на минберот, а потоа повторно се вратил. Кога го завршил намазот, им се обратил на луѓето и рекол: „О луѓе! Јас го направив ова за

да можете да ме следите (во намазот) и да научите како се извршува намазот.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65096

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee